Бр./Nr 12-1846/1

28-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1318/1 од 15.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање неправилности при изведба на надградба на објект на територијата на Општина /// и наводи за несоодветно постапување на надлежните органи во врска со случајот, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот. Наводите за несоодветно постапување на надлежните органи не се потврдуваат, а во врска со наводите за неправилности при изведба на надградба веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1318/1 од 15.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.04.2025 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности при изведба на надградба на објект на територијата на Општина /// и наводи за несоодветно постапување на надлежни органи во врска со случајот и оформен е предмет број 12-1318/1 од 15.04.2025 година.

Наводите за сомневање во пријавата се однесуваат на надградба на објект (приземје плус 4 ката и плус 5-ти кат) во Општина ///, кој се наоѓа на ул./// бр.///. Според наведеното во пријавата, изведбата на градежните работи се одвивала во нестандардни услови за градење од кои произлегувал ризик за безбедноста на жителите на зградата и на минувачите.

Од страна на подносителот на пријавата случајот бил пријавен до Општина /// и до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, но наводно не биле преземени соодветни дејствија, што овозможило изведбата на градежните работи да се одвива во исти околности, за што подносителот на пријавата се сомнева дека е резултат на коруптивни дејствија.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и до Општина ///.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на Одобрение за надградба издадено од градоначалникот на Општина /// под бр. /// од /// година, на објект А2 – зграда за колективно домување од втора категорија којашто се наоѓа на ул. /// бр./// (КП /// и КП /// КО ///), биле вршени градежни работи за надградба на поткровје со доградба на лифт.
Од страна на овластен градежен инспектор на Општина /// на /// година бил извршен инспекциски надзор при кој бил составен Записник /// од /// година, во кој било утврдено дека инвеститорот пред започнување на градбата доставил Известување за отпочнување во смисла на членот 67 од Законот за градење и дека се поставува челичната конструкција од надградбата, а околу зградата е изведена ограда од столпчиња и зелена мрежа и не биле констатирани неправилности.
Од страна на овластен градежен инспектор на Општина /// на /// година повторно бил извршен инспекциски надзор при кој бил составен Записник /// од /// година во која била утврдена истата фактичка состојба при што повторно не биле констатирани неправилности.
Поради пријави и укажувања за несоодветно обезбедено градилиште и несовесно изведување на градежните работи од страна на изведувачот, инвеститорот бил повикан на службен разговор во одделението за инспекциски работи при Општина /// при што му била изречена усна опомена со задолжение за соодветно исфрлање на градежниот шут (преку канали), санација на оградата и поставување на дополнителни безбедносни знаци околу објектот, по која опомена од страна на инвеститорот било постапено.

Од горенаведеното, имајќи предвид дека по пријави за несоодветно обезбедено градилиште и несовесно изведување на градежните работи постапил овластениот градежен инспектор на Општина ///, ДКСК констатира дека наводите за несоодветно постапување на надлежните органи не се потврдуваат. Истовремено, имајќи предвид дека овластениот градежен инспектор на Општина /// презел дејствија во врска со наводи кои се истоветни со наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот, ДКСК констатира дека во врска со наводите за неправилности при изведба на надградба веќе постапил друг надлежен орган.

Следствено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar

